Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија", бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 110/19), министерката за одбрана донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА УСЛУГИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Правилникот за утврдување на висината на надоместокот на услугите за користење на капацитетите на Армијата на Република Северна Македонија бр.01-5252/1 од 30.10.2014 година, бр.01-5252/3 од 19.11.2014 година, бр.01-3893/1 од 24.06.2015 година, бр.01-1401/3 од 25.02.2016 година, бр.01-5745/1 од 20.10.2017 година, бр.01-598/1 од 24.01.2018 година и бр.01-3884/1 од 24.06.2019 година, во Прилог број 1 "Ценовник на услугите за користење на капацитетите на Армијата", по точка 3.9 се додава нова точка 3.10 која гласи:

„3.10. Караула Радожда

Цена на користење на сидрење на кајче/едрилица изнесува:

- годишен престој – 3.000,00 денари
- месечен престој – 1.000,00 денари"

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 01- 217/1
11 -01- 2022 2022 година
Скопје

**МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА**
**Радмила Шекеринска Јанковска**